**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ВОДОВОД" ц.о.**
**Ndermarrja publike "VODOVOD" c.o.**
**Бр.Nr. 05-1029/9**
**19.06.2018 год. viti**
**КУМАНОВО – KUMANOVE**

Приватна здравствена установа
Поликлиника од примарната здравствена заштита
"Д-Р ЃОШЕ"
Бр. 03-54/1
19.06.2018 год
КУМАНОВО

# Д О Г О В О Р
## За јавна набавка на услуга за систематски преглед на вработени во ЈП ВОДОВОД Куманово

Склучен на ден 19.06.2018 година помеѓу:

**1.ЈП ВОДОВОД Куманово , со седиште во Куманово на ул.Фетка Наскова бр.22 Куманово** застапувано од Горан Стојковски Директор , во понатамошен текст: **Договорен орган, и**

**2.Приватна здравствена установа - Поликлиника од примарна здравствена заштита Д-Р ЃОШЕ Куманово** ,ул.О.Револуција бр.34 Куманово со ЕМБС 4875605, застапувано од Директорот Виолета Тушевска во понатамошен текст :**Носител на набавката.**

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на услуга за систематски преглед на вработени во ЈП ВОДОВОД Куманово, а врз основа на техничка спецификација и прифатена понуда заведена под архивски број 05-1029/3 од 04.06.2018 , согласно одлука за јавна набавка бр.05-1029/1 од 04.06.2018 година ,во постапка со барање за прибирање на понуди бр.2-11/2018 (согласно член 17, став (1), алинеја 2 од ЗЈН ) и одлука за избор на најповолна понуда бр. 05-1029/7 од 12.06.2018 година.

Член 2

Носителот на набавката се обврзува систематските прегледи на вработените да го изврши во специјалистичка амбуланта по медицина на труд во Општина Куманово а по извршените прегледи и испитувања за секој вработен да достави комплетен детален извештај за извршен систематски преглед и оценка на здравствена, физичка и психичка способност .

Член 3

Вредноста на услугата од член 1 на овој договор изнесува 264.300,00 денари.

Цените наведени во овој договор се превземени од понудата бр.05-1029/3 од 04.06.2018 година .

Член 4

Носителот на набавката на услугата се обврзува здравствените прегледи да ги изврши во рок од 60 дена по потпишување на договорот односно на ден до 15 вработени лица .

Член 5

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го изврши во рок од 30 дена по извршена услуга и доставена фактура со извештаите од извршени прегледи.

Член 6

Договорените страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорената страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот договор.

Дополнување и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорени страни.

Кога едната договорена страна нема да ја исполни својата обврска другата договорена страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот, во секој случај има право да бара надомест на штета.

Член 7

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна , без взаемна писмена согласност.

Член 8

Договорените страни се согласни за се што не е предвидено со овој договор да важат позитивните законски и технички прописи и стандарди за вршење на ваков вид на работи.

Член 9

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорените страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Куманово.

Член 10

Овој договор е составен во 4(четири) еднакви примероци од кои по два за секоја договорена страна..

| Договорен орган | Носител на набавка |
| --- | --- |
| ____________________ | ____________________ |

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот бр.2-11/2018 објавен од страна на ЈП Водовод Куманово за доделување договор за јавна набавка на услуги - систематски преглед на вработени во постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас (други огласи ),постапка согласно член 17 став 1 алинеја 2 и на тендерската документација која ја подигнавме од договорниот орган, ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: ПЗУ ПОЛИКЛИНИКА „Д-р. Гоше"

I.2. Контакт информации

- Адреса: ул. „Окт. Револуција" бр. 34 Куманово
- Телефон: 031 416 919
- Факс: /
- Е-пошта: drgjose@yahoo.com
- Лице за контакт: ВИОЛЕТА ТУШЕВСКА

I.3. Овластено лице: ВИОЛЕТА ТУШЕВСКА

I.4. Даночен број: МК 4017994105412

I.5. Матичен број 4875605

Јавно претпријатие ВОДОВОД ц.о
Ndermarrja publike VODOVOD c.o.
КУМАНОВО-KUMANOVË

| Примено: | 04.06.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 05 | 1029/3 | | — |

**Дел II – Техничка и финансиска понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| **Опис**<br>**Систематски прегледи** | **Единица мерка** | **Количина** | **Единечна цена** | **Вкупна цена 3*4** |
| Систематски преглед на вработени - основен пакет – стандарден минимум | вработен | 150 | 800,00 | 120.000,00 |
| Систематски преглед на вработени - II Дополнителен пакет | вработен | 6 | 1000,00 | 6000,00 |
| Систематски преглед на вработени - III проширен пакет | вработен | 79 | 1200,00 | 94.800,00 |
| Систематски преглед на вработени - IV специфичен пакет | вработен | 29 | 1500,00 | 43.500,00 |
| **Вкупна цена со бројки:** 264.300,00<br>**со зборови:** двестотишеесет и четири илјади и триста денари | | | | |

Напомена

Цените треба да бидат усогласени со Уредба за видот, начинот и обемот на здравствените прегледи на вработените (Сл. Весник на РМ бр. 60/2013)

**II.2.**Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти без ДДВ изнесува : 264.300,00 [со бројки], двестотишеесет и четири илјади и триста денари ,[со букви], Вкупниот износ на ДДВ изнесува нема .

**II.3. Начин на извршување на услугите**

Прифаќаме здравствените преглед на вработените да се извршат согласно техничката спецификација во специјалистичка амбуланта по медицина на труд во Општина Куманово, а по извршени прегледи и испитувања за секој работник да достави извештај за оценка на здравствена, физичка и психичка способност.

**II.4. Рок за извршување на услугата**

Прифаќаме систематските прегледи да се извршат во рок од 60 (шеесет) дена сметано од денот на потпишување на договорот.

**II.5. Начин на плаќање**

Прифаќаме начин на плаќање да биде следниот: во рок од 30 дена по извршена услуга и доставена фактура со извештаите од извршените прегледи.

II.6. Нашата понуда важи 180 дена од денот назначен како краен рок за доставување на понуди.

Место и датум
КУМАНОВО

Одговорно лице*
(потпис )